ЗДРУЖЕНИЕ НА МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ, ТЕХНИЧАРИ И АКУШЕРКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОДЕКС

## ЗА ЕТИКАТА

## НА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА

Скопје 2007

# КОДЕКС

## ЗА ЕТИКАТА

## НА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА

# П Р Е Д Г О В О Р

Кодексот за сестрите за прав пат е прифатен на состанокот на Големиот Совет на ICN во Сао Паоло, Бразил, во 1953 година. Ревидиран е на состанокот одржан во Франкфурт, Германија, во 1965 година.

Ова е прв текст на Кодекс за сестрите кај нас, а е прифатен и одобрен од Здружението на медицински сестри, техничари и акушерки на Република Македонија.

Кодексот има за цел да им помага на медицинските сестри, техничари и акушерки во формирањето, изградувањето и применувањето на етичките вредности, како и да им биде патоказ и мотив во извршувањето на нивната одговорна работа во применувањето на здравствената нега.

Работата на медицинските сестри, техничари и акушерки, има големо значење и влијание врз здравјето и животот на луѓето. Нивната одговорност е голема. Таа не може да се одреди само со закон и прописи. Имено, уште позначајна е етичката одговорност на поединецот, која произлегува од моралните вредности на неговото битие.

Фундаменталната одговорност на сестрата е четворострука: да го унапредува здравјето, да ја превенира болеста, да го поврати здравјето и да го олесни страдањето.

Потрбата за нега е универзална. Неделиви од негата се респектот за животот, дигнитетот и правата на човекот. Таа не е ограничена од националноста, верата, возраста, полот, политичкиот или социјалниот статус.

Сестрите даваат здравствени услуги на индивидуата, семејството и заедницата, и ги координираат своите услуги со оние на сродните групи.

Медицинската сестра не само што треба да ги познава етичките норми, туку е должна нив и да ги применува во сите ситуации и во секој момент.

Според природата на својата работа, медицинската сестра е поборник за здравје на сите луѓе, и нуди психофизичка и духовноморална заштита на штитеникот/корисник.

Кодексот се однесува на сите медицински сестри, техничари и акушерки, како и на соработниците во тимот за нега. За медицинската сестра, која сака да пристапи кон професијата, кодексот служи како

потпора при формирањето на сопствените морални сфаќања, и како извор на знаење и рефлексија. На сите оние од оваа професија, им служи како етичко пресудување за нивната работа.

Почитувањето и развивањето на хуманите вредности на оваа професија, овозможува големо задоволство при работата и лично воздигнување.





# I. Односот кон штитеникот/корисник

**Медицинската сестра се грижи за запазување на животите и здравјето на луѓето. Притоа е должна својата работа да ја извршува хумано, стручно, одговорно и, во однос на штитеникот/корисник, да ги почитува неговите индивидуални потреби и вредности:**

- врз односот кон штитеникот/корисник не смеат да влијаат особините, како што се: раса, народност, вера, социјална положба, пол, старост, здравствена положба или политичка определба;

- индивидуалните програми на здравствената нега бараат потполно согледување на поединецот, семејството и заедницата, па ги вклучуваат физичките, психичките, душевните и социјалните потреби на штитеникот/корисник, и ја почитуваат неговата култура и личната потреба;

- медицинската сестра, во соработка со штитеникот/корисник, во разгледувањето на програмата на здравствената нега, исто така, ги вклучува и членовите на семејството, како и нему блиски личности.

**Медицинската сестра го почитува правото на штитеникот/корисник на избор и одлучување *(автономија на штитеникот):***

- услов за прифаќање на одлуката за предвидената програма на здравствената нега е согласноста на штитеникот/корисник;

- согласноста може да се изрази на разни начини, најчесто преку разговор;

**Професионалната етика од медицинската сестра бара активности коишто ги надминуваат правните барања на согласност; на пример, иако детето правно не може да даде**

**согласност, сеедно, на соодветен начин го запознаваме со постапката:**

- за добивање на согласност не смее да се користи службената положба, присила, измама на штитеникот/корисник;

- болеста, или други моменти, привремено или трајно, можат да ја намалат способноста на штитеникот/корисник за самостојно одлучување. Медицинската сестра има перманентна должност да ја почитува автономијата на таквите штитеници и, во рамките на нивните способности, да им нуди можност на избор. Истовремено, им помага да го задржат, односно повторно да го стекнат можното ниво на автономија;

- на штитеникот/корисник, кога и да му дава информации, тоа мора да го прави врз основа на вистината, се разбира, и на начин достоен на човекот;

- ако прашањата на штитеникот/корисник се однесуваат на подрачје надвор од здравствената нега, го упатува на лекарот надлежен за тоа, или кај друг здравствен работник.

**Медицинската сестра е должна, како деловна тајна, да ги чува податоците за здравствената состојба на штитеникот/корисник, за причините, околностите и податоците од таа состојба:**

- деловна тајна е се што таа, при извршувањето на својот позив, ќе дознае за штитеникот/корисник и неговите лични, семејни и социјални состојби, како и сите информации во врска со утврдувањето, лечењето и траењето на болеста. Медицинската сестра, исто така, должна е да ја чува деловната тајна пред членовите на семејството на штитеникот/корисник дури и по неговото преминување;

- од должноста за чување на деловната тајна, медицинската сестра може да ја ослободи самата личност на која се однесува тајната, или судот за малолетни лица, личности под старателство како и родителите, односно старателите;

- медицинската сестра е надлежна да дава податоци за здравствената состојба на штитеникот/корисник во поглед на здравствената нега, која е определена со дијагнозата за нега;

- податоци за здравствената состојба на болниот им дава на блиското семејство на болниот, на роднините или лекарот, кој го лечи болниот;

- должност на здравствената институција е, да воспостави и одржува таков информативен систем, кој ќе ги штити тајните на штитеникот/корисник; на пример, со ограничување на пристапот до документацијата. Ова посебно се однесува на компјутерските информативни системи, каде што нив ги има.

** Медицинската сестра морално не е должна да се придржува кон деловното молчење, ако поради недостатокот на информации би била загрозена безбедноста на штитеникот/корисник, семејството или заедницата.*

*Ако медицинската сестра се соочи со потребата за откривање на тајна, таа треба да биде опкружена со број на луѓе, кој е неопходно потребен за да се спречат штетните последици.*

**Медицинската сестра го почитува достоинството и приватноста на личноста на штитеникот во сите здравствени состојби, во болеста и во умирањето:**

- медицинската сестра мора да ја извршува својата дејност, на начин којшто го вклучува штитеникот/корисник како единствена, неповторлива личност, со сите негови посебности.

- медицинската сестра, во својата работа, уште повеќе го уважува и почитува правото на личноста, уште повеќе кога се однесува на интимата, надежта, стравот, маките и болките на болниот.

- На штитеникот/корисник кој умира, најмногу треба да му се обезбеди соодветна здравствена нега и грижа, коректен однос, олеснување на маките, искажување на верското убедување, како и мирно упокојување, достојно на човекот.

Коректното однесување уште повеќе се однесува на почитувањето на надежта, помошта при загриженоста како и искажувањето на потребата за сигурност.

- Посебно сочувствено внимание и помош треба да им се укаже на блиските на оној кој умира, или умрел, и лицата кој му биле блиски, за полесно да ја поднесат загубата.

**Медицинската сестра е должна на штитеникот/ корисник да му понуди комплетна здравствена нега:**

- медицинската сестра, при извршувањето на својот позив, во границите на својата стручна оспособеност, е самостојна и независна, и за својата работа е одговорна пред својата совест, штитеникот/ корисник и општеството.

- медицинската сестра е надлежна да одлучува, планира, извршува и да ја контролира здравствената нега. Во процесот на здравствената нега е одговорна пред медицинската сестра - раководител на екипата за нега.

- медицинската сестра мора своето знаење постојано да го збогатува.

- Здобиеното стручно знаење, медицинската сестра е должна да го пренесе на колешките и колегите, како и на другите членови на екипата.

- медицинската сестра се грижи за збогатување на фондот на здравствената литература.

- медицинската сестра е должна да се грижи за развој и напредок на струката општо, како и за воведување новини во струката.

- медицинската сестра е соодговорна во грижата за здравјето и животот на луѓето, па е должна и здравствено-воспитно да делува, што е и една од нејзините основни задачи.

- медицинската сестра не смее да одбие да даде итна медицинска помош, соодветна на својата стручна оспособеност, без оглед на тоа

дали е на работна должност или не, и без оглед на тоа дали за таа помош вонредно е замолена.

- медицинската сестра, сфаќајќи ја својата морална и човечка одговорност, и во вонредни прилики, мора да биде подготвена да се јави на работа.

- медицинската сестра не извршува постапки за кои нема потребно искуство. Исклучок се само итните случаи при повреди и болести, кои непосредно го загрозуваат животот на штитеникот/корисник.

- медицинската сестра не смее да ја злоупотребува меѓусебната доверба со штитеникот/корисник, или можноста за пристап до неговата своина, станот или работното место.

- медицинската сестра е должна да одбие поклон, услуга гостопримство и комерцијален интерес, ако тоа може да се сфати како настојување со недозволено влијание да добие привилегии за себе или штитеникот/корисник.

*

** медицинската сестра може да одбие здравствено ангажирање, ако е уверена дека тоа не е во согласност со нејзината совест и со меѓународните правила на медицинската етика.*

** медицинската сестра мора за таквиот случај да го извести здравствениот завод. Здравствениот завод тоа мора да го почитува, но, исто така, на штитениците/корисници мора да им обезбеди можност за непречено остварување на правата од здравственото осигурување.*

** медицинската сестра не смее да откаже итна медицинска помош.*





**Делувањето на медицинската сестра задолжително се темели исклучиво врз определбите што се во полза на штитеникот/орисник:**

- медицинската сестра, во својата работа во праксата треба да се борат за такви услови, кои ќе овозможат извршување на здравствената нега во согласност со вредностите и стандардите на Кодексот на етиката;

- медицинската сестра ги почитува начелата на стручно однесување, и одбива секаква постапка која, според нејзиното стручно убедување и совест, може да биде неетична или штетна за штитеникот/корисник;

- делувањето на медицинските сестри мора да се темели врз одлуките, кои на штитеникот/корисник му го зајакнуваат, чуваат и обновуваат здравјето, и му ги олеснуваат маките. Тој однос не смее да биде условен од користољубие, задоволување на лични амбиции, или од намера да се добие каква и да е друга лична корист;

- раководните медицински сестри имаат посебна одговорност, која произлегува од грижата за сегашните и идните штитеници/корисници. Во рамките на постоечките можности, должност е тие да се употребат што пополезно и да се обезбеди што поголема полза за штитениците/корисници. Должни се да воспостават таков систем на организација, која ќе овозможи што повисок квалитет на работата и заштита на штитеникот од нестручни, неетички и самоволни постапки на членови од службата за здравствена нега;

- медицинските сестри, кои извршуваат педагошка дејност, практичната работа со штитениците/корисници должни се да обезбедат да биде водена во согласност со стручните и етичките начела, како и со посебно внимание кон достоинството на човекот. Менторот е должен да обезбеди, студентите и учениците да се запознати со Кодексот, а неговите определби да бидат прифатени.






## II. Медицинската сестра и соработниците

**Здравствената обработка на штитениците/корисници треба да претставува заедничко ангажирање на стручњаци од разни здравствени профили; медицинската сестра ја признава и почитува работата на соработниците. Имено:**

- соработката меѓу медицинските сестри и нивниот однос кон другите здравствени работници треба да се темели врз отвореноста, чесноста и колегијалноста;

- припадноста на Здружението и работните должности, медицинската сестра ја обврзуваат да не и откаже стручна помош на друга медицинска сестра, ако таа за тоа ја замоли, односно ако има потреба;

- Односите меѓу медицинските сестри мораат да се темелат врз почитувањето и коректноста. Притоа, должни се да ги почитуваат животните и стручните искуства на постарите, претпоставените и наставниците, кои секогаш треба да служат како пример на помладите соработници;

- медицинските сестри мораат да им посветат посебна грижа и внимание на студентите/ученици на медицинските школи, како и на приправниците;

- солидарноста и колегијалноста се искажуваат и со тоа, ако тие се грижат за болна колешка, за други болни здравствени работници, ученици или студенти на медицинските школи;

- недоразбирање не треба да предизвика некоректното однесување. Во случаи кога недоразбирањето не е можно да се надмине, мораат да се обидат да постигнат помирување преку органите на својата сестринска организација;

- ако медицинската сестра се сомнева, дека одреден соработник некомпетентно, нестручно или неетички го третира штитеникот/

корисник, должна е да утврди докази за неправилностите и за тоа да го извести надлежното лице, но ако грешките и понатаму се присутни, ги известува надлежните стручни служби;

- медицинската сестра, која се труди да го заштити штитеникот/корисник од некомпетентно или неетичко згрижување, во својата работна средина може да доживува разни притисоци. Колешките и професионалното Здружение се должни неа да ја штитат и помагаат.

## III. Медицинската сестра и општеството

**Медицинската сестра треба секогаш да постапува во согласност со насоките, кои обезбедуваат подобро здравје и понатамошен развој на здравството во општеството:**

- медицинската сестра, заедно со другите здравствени работници и граѓаните, е одговорна за планирањето спроведувањето на програмата за здравствена заштита.

- медицинската сестра се труди за такви односи на вработување, кои овозможуваат квалитетна здравствена нега и придонесуваат за поголемо стручно задоволство на вработените.

- медицинската сестра има право и должност, преку своите стручни и други организации, да се труди за:

· вреднување на здравствената нега во општеството;
· соодветен деловен однос;
· соодветно вреднување на работата, и
· правна заштита за извршената работа.





## IV. Медицинската сестра и позивот

**Стручните организации на медицинските сестри ја прифаќаат одговорноста за заштитата и поддршката на етичките начела во здравствената нега. Извршувањето, пак, на тие задачи, од нив, како медицински сестри, бара да се одѕиваат на потребите и законските интереси на штитениците/корисници:**

- стручните здруженија мора да се трудат за остварување на поставените стандарди на здравствената нега во праксата, како и соодветното образование на медицинските сестри;

- стручните здруженија ги претставуваат интересите на здравствената нега во јавноста при формирањето на здравствената политика, во однос на работодавачите, јавните медиуми и т.н.;

- медицинската сестра, која делува во стручните здруженија, треба да соработува при воспоставувањето и запазувањето на таква социјално-економска положба на здравствената нега, со која нејзините носители и извршители ќе бидат еднакво правни во споредба со другите гранки.

- стручните здруженија треба активно да ја поддржуваат и развиваат можноста за изучување на етичките видици на здравствената нега, кои треба да им се достапни на сите медицински сестри.

## V. Медицинската сестра и професијата

Професионалната организација на медицинските сестри ја прифаќа одговорноста за негување и поддржување на етичките начела во здравствената нега. Извршувањето на тие задачи од нив бара да се одѕиваат на потребите и законските интереси на штитеникот медицински сестри, па и на сестрата.

Професионалното здружение ги претставува интересите на здравствената нега во јавноста, при донесувањето-формирањето на

здравствената политика, во однос на работодавателот, во јавните медиуми и т.н.

Медицинските сестри, кои дејствуваат во професионалните здруженија, мораат да се залагаат за воведување на потребните стандарди на здравствената нега во праксата, како и за соодветно образование на медицинските сестри, техничари и акушерки.

Здружението активно ги поддржува и ќе ги развива можностите за едукација, изучувањето на етичките погледи на здравствената нега, како и воведувањето на сестринска документација, (со цел да се збогатуваат искуствата во обезбедувањето квалитетна нега, преку свои разновидни семинари и др.).





## VI. Завршни одредби

Комисијата на Здружението на медицинските сестри, техничари и акушерки на Република Македонија, го разгледа и усвои Кодексот за етиката на медицинската сестра, на својата седница, одржана на 9 април 1997 година.

Почитувањето на одредбите од Кодексот е задолжително за секоја медицинска сестра, техничар и акушерка, како и за секој друг член од екипата за нега.

## СОДРЖИНА


Предговор ........................................................................... 3
Односот кон штитеникот/корисник .............................................. 5
Медицинската сестра и соработниците ........................................ 11
Медицинската сестра и општеството ........................................... 12
Медицинската сестра и позивот .................................................. 13
Медицинската сестра и професијата ............................................ 13
Завршни одредби ................................................................... 14








